# Проверка на работниците во Програмата NDIS: Што треба да знаат работниците во Програмата NDIS

Овој информативен лист е наменет за работниците во Програмата NDIS и објаснува што претставува Проверката на работниците во Програмата NDIS (NDIS Worker Screening Check), како се спроведува и како да поднесете барање за таква проверка. Листот исто така ги содржи и контактните поединости на Одделенијата за проверка на работниците (Worker Screening Units).

## Што претставува Проверката на работниците во Програмата NDIS?

Од 1 февруари 2021 г. Проверката на работниците во Програмата NDIS (Проверката на работниците) ќе ги замени разните постапки што се на сила во секоја поединечна држава или територија и ќе постави единствен минимален национален стандард што мора да го задоволуваат сите работници што работат на работни места за кои е оценето дека со себе носат можни опасности за клиентите. Некои држави и територии може ќе продолжат да имаат дополнителни барања во одредени околности, на пример, луѓето што работат со деца можеби ќе треба да се подложат и на дополнителна проверка.

Проверката на работниците е оценување дали некое лице што работи или сака да работи со онеспособени лица претставува опасност за тие лица. Со проверката ќе се утврди дали на лицето ќе му се одобри или нема да му се одобри да врши одредени работни задачи со онеспособени лица.

Проверката на работниците ќе ја врши Одделението за проверка на работниците (Worker Screening Unit - WSU) во државата или територијата каде што лицето поднесува барање за проверка. Одделението за проверка исто така одлучува дали на лицето му се одобрува или не му се одобрува да работи.

Регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS се должни да вработуваат само работници на кои им било одобрено да работат на секое работно место што е „работно место оценето како можна опасност за клиентот“ (risk assessed role).

## Кога ќе почне Проверката на работниците?

Проверката на работниците ќе почне на 1 февруари 2021 г, со исклучок на Северната Територија. Проверката на работниците во Северната Територија ќе почне не подоцна од 1 јули 2021 г.

Пред да биде воведена оваа Проверка на работниците, регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS што им даваат поддршки и услуги на учесниците во Програмата NDIS беа должни да осигурат дека нивните работници што вршат работи оценети како можна опасност за клиентите ги задоволуваат барањата за проверка на државата или територијата каде што работи работникот. Лицето има **прифатлива проверка** кога ги исполнува барањата на преодните и посебните уредби што важат за државата или за територијата каде што тоа лице им дава поддршки и услуги од Програмата NDIS на луѓето со онеспособеност.

Прифатливите проверки што биле издадени претходно во рамките на секоја посебна држава или територија ќе продолжат да важат уште извесно време откако ќе почне да се спроведува Проверката на работниците. Повеќе информации за временските рокови откако ќе почне да се врши Проверката на работниците може да се најдат на местото на Интернет на Комисијата за квалитет и безбедност на Програмата NDIS – Комисијата на Програмата NDIS (NDIS Quality and Safeguards Commission - NDIS Commission).

## Колку долго важи одобрението издадено врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS?

Работниците што добиле одобрение врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS подлежат на постојан надзор во однос на нивните полициски досиеја и на другите соодветни информации.

Тоа значи дека положбата на лице што добило одобрение врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS може повторно да биде разгледана ако Одделението за проверка на работниците или Комисијата на Програмата NDIS добијат нови или ажурирани информации кои навестуваат дека лицето претставува опасност за луѓето со онеспособеност. Ако се случи такво нешто, на тоа лице може да му биде одземено одобрението издадено врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS иако на тоа одобрение уште не му изминал рокот на важење.

Одобренијата издадени врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS имаат рок на важење од пет (5) години.

## Дали треба да добијам одобрение врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS?

Може ќе треба да поднесете барање за Проверка на работник и да добиете одобрение за работник во Програмата NDIS ако работите за регистриран давател на услуги од Програмата NDIS на работно место што е оценето како можна опасност за клиентот и ако:

- вашата прифатлива проверка веќе не е важечка (на пример, ѝ истекол рокот на важење) во државата или територијата каде што давате поддршки и услуги од Програмата NDIS, **или**
- немате прифатлива проверка или одобрение добиено врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS.

Во работни места што се оценети како можна опасност за клиентот спаѓаат:

- работни места што вклучуваат **директно испорачување на** **определени услуги и поддршки** на луѓе со онеспособеност; или
- работни места на кои постои веројатност за нешто **повеќе од случаен и повремен контакт со луѓе со онеспособеност** како нормален составен дел од вашите работни обврски. Тука спаѓаат: телесен контакт, контакт лице в лице, усна, писмена и електронска комуникација со луѓе со онеспособеност во најразлични околности; или
- работни места на **клучен персонал** – на пример, ако сте директор, виш раководител или лице што учествува во донесувањето на одлуки во регистриран давател на услуги од Програмата NDIS, вклучувајќи ги и членовите на управниот одбор. Целосен опис на сите работни места што спаѓаат во клучен персонал има во делот 11А од *Законот за Националната програма за осигурување при онеспособеност од 2013 г. (National Disability Insurance Scheme Act 2013)*.

Регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS се задолжени да утврдат кои работни места во нивната организација се оценети како можна опасност за клиентите.

Ако работите за регистриран давател на услуги од Програмата NDIS, ама не на работно место што претставува можна опасност за клиентите, од вас нема да се бара да имате одобрение добиено врз основа на Проверка на работниците во Програмата NDIS. Меѓутоа, регистрираниот давател на услуги од Програмата NDIS што ве вработува или што на друг начин ги користи вашите услуги може да одлучи да побара од вас да поднесете барање за Проверка

на работник и да добиете одобрение за работник во Програмата NDIS врз основа на таа проверка.

Нерегистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS и учесниците што сами управуваат со своите поддршки и услуги може да одлучат да побараат од своите работници да поднесат барање за Проверка на работник и да добијат одобрение за работник во Програмата NDIS врз основа на таа проверка, ама тоа не е законски задолжително.

## Како да поднесам барање за Проверка на работник?

Барање за Проверка на работник ќе може да поднесете преку Одделението за проверка на работниците во вашата држава или територија.

За повеќе информации како да поднесете барање за Проверка на работник, вклучувајќи и информации за тоа колку пари ќе треба да платите за да поднесете барање, ве молиме посетете го местото на интернет на Одделението за проверка на работниците во државата или територијата каде што живеете или работите.

- Австралиска Престолнинска Територија: Служба Access Canberra
- Нов Јужен Велс: Office of the Children's Guardian (Канцеларија за старателство над деца)
- Северна Територија: NT Police, Fire and Emergency Services (Полиција, Противпожарна служба и Итна служба на Северна Територија)
- Квинсленд: Department of Seniors, Disability Services and Aboriginal and Torres Strait Islander Partnerships (Оддел за постари граѓани, служби за онеспособени лица и партнерства за Абориџини и лица по потекло од островите во Торесовиот Теснец)
- Јужна Австралија: Department of Human Services (Оддел за општествени служби)
- Тасманија: Consumer, Building and Occupational Services (Служби за потрошувачи, градежни работи и работни места)
- Викторија: Department of Justice and Community Safety (Оддел за правда и за безбедност на заедницата)
- Западна Австралија: Department of Communities (Оддел за заедниците)

## Може ли да работам за регистриран давател на услуги на работно место за кое е оценето дека претставува можна опасност за клиентите пред да добијам одобрение врз основа на Проверка на работник во Програмата NDIS?

Во зависност од законите во вашата држава или територија, може да почнете да работите на работно место за кое е оценето дека претставува можна опасност за клиентите штом ќе поднесете барање за Проверка на работник, а пред да ви биде издадено одобрение за работник во Програмата NDIS. Во такви околности, регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS мора да осигурат дека се применуваат соодветни заштитни мерки.

Регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS треба да ги знаат законските барања што ги налага секоја држава и територија во која даваат поддршки и услуги од Програмата NDIS, бидејќи некои држави и територии не дозволуваат работникот да почне да работи пред да добие одобрение врз основа на Проверка на работникот за Програмата NDIS.

## Како ќе знам дали ми било дадено одобрение врз основа на Проверката за работниците во Програмата NDIS или не ми било дадено такво одобрение?

Одделението за проверка на работниците во државата или територијата каде што сте го поднеле барањето ќе ве извести за резултатот од вашето барање за Проверка на работник.

Вашиот работодател ќе добие известување по електронска пошта дека сте добиле одобрение веднаш откако Одделението за проверка на работниците ќе донесе одлука во врска со вашето барање. Ако работите и за други работодатели и ако се тие поврзани со вас во Датотеката на податоци од Проверката на работниците во Програмата NDIS (NDIS Worker Screening Database - NWSD), тие исто така ќе можат да видат дали имате одобрение или не.

Комисијата на Програмата NDIS ќе може да види дали имате или немате одобрение во Датотеката NWSD.

## Што ако не добијам одобрение?

Ако не сте добиле одобрение врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS, ниеден регистриран давател на услуги од Програмата NDIS не може да ви дозволи да работите на работно место за кое е оценето дека претставува можна опасност за клиентите.

## Што е тоа Датотека на податоци од Проверката на работниците во Програмата NDIS?

Датотеката NWSD ја одржува Комисијата на Програмата NDIS.

Датотеката NWSD:

- има список на работници што добиле или не добиле одобрение од Одделенијата за проверка на работниците во секоја од државите и територииите
- му дава поддрша на националниот тековен надзор врз кривичните досиеја на работниците што добиле одобренија врз основа на Проверката на работниците во Програмата NDIS
- им овозможува на давателите на услуги од Програмата NDIS ширум цела Австралија од едно единствено место да ги проверуваат резултатите од барањата за Проверка на работници на своите вработени и да ги разгледаат одобренијата за работа во Програмата NDIS на своите идни вработени, без да треба притоа да стапуваат во контакт со Одделенијата за проверка на работниците во секоја одделна држава и територија
- им помага на давателите на услуги од Програмата NDIS при исполнувањето на нивните обврски за водење записи.

Датотеката NWSD чува информации **само** за одобренијата што ги добиле или не ги добиле работниците во Програмата NDIS врз основа на Проверка на работниците. Во неа нема да се чуваат податоци за прифатливите проверки. Нема да се чуваат личните информации што ги користи Одделението за проверка на работниците во државата или територијата за да донесе одлука дали на работникот ќе му издаде или нема да му издаде одобрение при Проверката на работникот.

### Од кога ќе може да се користи Датотеката NWSD?

Датотеката NWSD ќе стане достапна од 1 февруари 2021 г.

## Повеќе информации

### Законски акти

- [Прописи за Програмата NDIS (Стандарди за работењето – Проверка на работниците) од 2018 г. (NDIS - Practice Standards - Worker Screening - Rules 2018)]
- [*Закон за Националната програма за осигурување при онеспособеност од 2013 г. (National Disability Insurance Scheme Act 2013)*]

### Место на Интернет на Комисијата на Програмата NDIS

- Речник на зборовите и изразите што се користат во овој информативен лист.
- Општи информации за барањата што треба да ги исполнува работникот.
- Информации за Проверката на работниците во Програмата NDIS за регистрираните даватели на услуги од Програмата NDIS.
- Стандарди за работењето на Програмата NDIS и показатели за квалитетот (NDIS Practice Standards and Quality Indicators)